ISO 9001
Q-1441

**2.01.2024-Вторник**

## ИНФОРМАЦИИ



### Реконстуирана улица којашто се поврзува со "Ѓорге Велков" во Негорци

Последниот работен ден од 2023 година, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, го заврши со увид во градежните активности во населеното место Негорци. Имено, по барање на жителите од Негорци, изградена е улицата којашто се поврзува со „Ѓорге Велков“. По нејзината реконструкција, е проширена и со тоа значително се подобрени условите за одвивање на сообраќајната комуникација.

Како што истакна градоначалникот Сарамандов, во изминатата година, беа реализирани повеќе значајни проекти за развој на Негорци, како зафати за подобрување на патната инфраструктура со изградба на повеќе улици и краци, нов водоснабдителен систем поврзан со градскиот водовод, со што е решен долгогодишниот проблем на негорчани со водоснабдувањето, а најмалите жители добија и детско игралиште во центарот на населеното место.

Исто така, потенцира дека локалната самоуправа ќе продолжи со исто темпо на работа, за исполнување на барањата на граѓаните со вложување во подобрување на условите за живеење подеднакво во сите населените места од општината.




**2.01.2024-Вторник**



## Голем број гевгеличани во прекрасен амбиент ја дочекаа заеднички Новата година

Голем број гевгеличани, како и гости од другите градови, ја дочекаа Новата 2024 година на Градскиот плоштад во Гевгелија. Општина Гевгелија, трета година по ред, организираше новогодишен дочек со богата културно- забавна програма, во којашто учество зедоа, пред се, локални музички групи и уметници. За новогодишната забава и веселиот новогодишен амбиент на Градскиот плоштад во Гевгелија, се погрижија играорците на КУД „Танец“ од Миравци со изведба на македонски традиционални ора, „Лајф бенд“, Оливера Станковска, триото „Хитс“ - во состав на Моки, Марија и Крџе и популарниот Дејан Малзарков со stand up комедија - Diverzija.

Бројните гости на преполнетиот Градски плоштад, Новата година ја дочекаа со настапот на Ристо Самарџиев и неговите пријатели, како и со спектакуларен огномет. Притоа, си посакаа здравје, среќа и благосостојба, не криејќи го задоволството поради прекрасниот заеднички новогодишен дочек. Новогодишната ноќ во Гевгелија помина во најдобар ред, без инциденти и интервенции од страна на надлежните служби за одржување на јавниот ред и мир.







**2.01.2024-Вторник**



## Новогодишна честитка на градоначалникот Андон Сарамандов

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по повод Новата 2024 година, се обрати до граѓаните на општина Гевгелија со новогодишна честитка, во којашто се осврна на постигнатите резултати во 2023 година и очекувањата во Новата 2024 година.

- Во годината зад нас, 2023, успеавме во нашата заложба континуирано да ги подобриме условите за пристојно живеење на граѓаните од општина Гевгелија. Исклучително сум задоволен како функционираше локалната самоуправа во 2023 година. Бевме успешни во поглед на реализираните проекти, коишто се од суштествено значење за граѓаните од нашата општина. Година, во којашто успешно се справивме со предизвиците и новонастанатите проблеми, година во којашто имавме висока реализација на буџетот, година во којашто Општина Гевгелија беше избрана за најтранспарентна општина во Македонија, нагласи Сарамандов. Беа изработени повеќе квалитетни проекти, со коишто учествувавме на домашните и меѓународните фондови и оствaривме висок процент на реализација. 2023 година ја одбележаа повеќе спортски и културни настани. Гевгелија полека се брендира како град со богата културна и спортска програма преку целата година.

Во 2023 година, ја продолживме добрата соработка со граѓаните и граѓанските организации и со целосна мотивираност и ангажираност Гевгелија се развива во урбана заедница. Мои гевгеличани, во Новата 2024 година, Ви посакувам повеќе среќа, здравје и благосостојба. Посакувам Новата година да ни донесе успех на сите нас. Ви посакувам празничните денови со најблиските да ги поминете во добро здравје и убаво расположение, со мир, заемно почитување и разбирање да го прославиме Христовото раѓање- Божик. Нека ни е честита Новата 2024 година и честит Божик!, истакна во Новогодишната честитка градоначалникот Андон Сарамандов.



2.01.2024-Вторник



**Новогодишни пакетчиња за децата од ранливите категории и првачињата во општина Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во Народниот театар- Гевгелија и во присуство на Дедо Мраз, им ги подели новогодишните пакетчиња на дечињата од социјално-ранливите семејства што Општина Гевгелија секоја година традиционално ги обезбедува како активност од Програмата за социјална заштита.

Исто така, пакетчиња им беа поделени и на штитениците на Дневниот центар за лица со попреченост во Гевгелија, а новогодишен подарок со материјали за окупациони активности од Општина Гевгелија добија и штитениците на Центарот за лица со попреченост „Мајка Тереза“ во Гевгелија при посетата на Градоначалникот. Традиционално, новогодишни пакетчиња од Општина Гевгелија во соработка со гевгелиската фирма „Ветеринар“ добија и сите првоодделенци во гевгелиските основни училишта.

- Празниците се одлична можност да ја покажеме нашата општествена одговорност и хуманост, како и поддршка и внимание за сите. На сите деца им посакувам неизмерна среќа за празниците!, истакна градоначалникот Андон Сарамандов.




ГЕВГЕЛИЈА

ISO 9001
Q-1441

**2.01.2024-Вторник**




## Излезе од печат 2. надополнето издание на книгата "Дијабетес мелитус како јавен здравствен проблем во општина Гевгелија"

Во издание на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ - Гевгелија од печат излезе второто надополнето издание на книгата „Дијабетес мелитус како јавен здравствен проблем во општина Гевгелија“. Автори на книгата се д-р спец. Андон Мандиќ, д-р спец. Зоран Димитров и д-р Златко Трајков.

Делото изобилува со информации за историјата на здравството и дијабетесот во град Гевгелија, сегмент за акутните и хроничните компликации од шеќерната болест, како и сегменти кои се обидуваат да понудат решенија во врска со третманот и превенцијата од оваа болест на територијата на општина Гевгелија, земајќи ги предвид официјалните епидемиолошки податоци.

Книгата ќе биде промовирана наскоро.



**Ул.Димитар Влахов бр.4**
**Гевгелија**
**www.gevgelija.gov.mk**

**Тел.++389 34 611-353**
**тел./факс. ++389 34 211-211**
**e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk**